Студиска програма: **ПРАВНИ СТУДИИ ОД ПРВ ЦИКЛУС**

**(ДОДИПЛОМСКИ ПРАВНИ СТУДИИ)**

Времетраење на студиската програма: **3 (три) години**

ЕКТС кредити: **180**

## Цели на студиската програма

Студиската програма за правни студии од прв циклус (додипломски правни студии), има за цел да профилира кадри кои во согласност со концептот на модерното стручно образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, се стекнуваат со знаења и вештини за работење во сферата на правосудството, адвокатурата и нотаријатот, извршната и законодавната власт, за работење во политичките институции, за работење во претпријатијата и компаниите, како и во многу други национални, регионални и меѓународни асоцијации и организации итн. Како една од најважните цели на оваа студиска програма, се појавува потребата за оспособување на кандидатите во областа на правото, како во поглед на апликативноста, така и во поглед на нивните теоретски потенцијали и креативност. Основна цел на студиската програма е продлабочување, проширување и подигање на нивото на студентските знаења во рамки на дисциплините вклучени во неа. Во рамките на оваа студиска програма, студентите имаат можност да се запознаат со: основните и специфичните процеси, односи, институции и актери во правните односи, позиционираноста и форматот на правните субјекти, категоризацијата и спецификите на современите правни системи итн. Освен тоа, програмата цели кон тоа да обезбеди цврсти, критички и систематски сознанија за институциите и суштествените правни феномени и појави во Р.Македонија, да обезбеди основни сознанија за концепциите, основните принципи на правото и правниот систем на Р. Македонија и за начинот на неговото функционирање на меѓународен план, да развие свесна критика на правото во споредбен, историски, општествено-економски и во политички контекст и да им претстави на студентите редица различни теоретски достигнувања поврзани со правото како такво, да им понуди редица опции кои ќе им овозможуваат на студентите да студираат специфични полиња на правото, да развиваат сопствени критички, аналитички, функционални, споредбени способности и способности за решавање на проблемите кои можат да се применуваат во различни позитивно – правни и реално - апликативни рамки, да даде можност за развој на интер – персоналната и професионална комуникација, и други значајни способности потребни за вработување на правниците во правосудството и во други соодветни институции.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

**знаења и разбирање**

- основно стручно знаење и разбирање на воспоставените принципи во полето на правото.
- основно познавање на стручните теми во областа на правото, односно граѓанското право, казненото право, трговското право, теоријата на државата и правото, социологијата на правото, меѓународно јавното право, судскиот систем, човековите

права, финансиското право, јавните финансии, римското право, политичкиот систем, политичкиот систем и право на ЕУ, уставното право и др.
- стручно знаење за поширокиот, мултидисциплинарен и интердисциплинарен контекст на правото во целина.

**примена на знаењето и разбирањето**

- способност за препознавање, употреба и тестирање на концептите во рамки на правото.
- способност за идентификување, формулирање и решавање на стручни проблеми од областа на правото, а во насока на евалуација на програмата по право и неговите аспекти.
- способност за селектирање на релевантни методи и искористување на резултатите од стручната дејност во областа на правото.

**способност за проценка**

- способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање на информации од релевантни податоци за правото, најчесто од перспектива на познавање на неговите мултидисциплинарни и интердисциплинарни компоненти.
- способност за евалуација на сопствените стручни перформанси во областа на правото.
- Способност за критички приод кон постојните и новодобиените информации од областа на правото, од стручни или нестручни извори, оставајќи простор за продуктивно размислување и самостојно ангажирање при нивното синтетизирање и интегрирање во студирањето на даден проблем од областа на правото.

**комуникациски вештини**

- способност ефикасно да комуницира преку пишувани извештаи и усни презентации, со стручната и пошироката јавност употребувајќи соодветна терминологија и стручен јазик.
- способност да споделува и дебатира за концепти и идеи од областа на правото, како со стручната, така и со пошироката општествена јавност.
- способност за тимска работа и активна соработка внатре во групата, преку споделување одговорности и задачи.

**вештини на учење**

- преземање иницијатива за идентификување на потребите за учење и понатамошно професионално продлабочување, со висок степен на самостојност во одлучувањето.
- редовно следење на најновите стручни достигнувања и текови од областа на правото, а преку следење и консултирање на позитивните прописи, стручни трудови, стручни списанија, посетување на стручни семинари, обуки итн.
- користење на странска литература и бази на податоци користејќи светски јазици.
- интегрирање на најновите научно технолошки достигнувања во процесите на учење.

**<u>Листа на предмети</u>**

**Семестар 1**

**Задолжителни предмети**

*Вовед во право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со потребните знаења за правото како наука, за правниот поредок и односот Воведот во правото спрема другите гранки на правото. Студентите ќе имаат способност да ги анализираат основните правни концепти, принципи и постапки. Овој предмет ќе им овозможи на студентите основно разбирање и познавање на структурата на правото како целина, а оттаму и на правото на Р.Македонија конкретно. Стекнатото знаење студентите ќе го применат во контекст на детерминирање на основните концепти како што се правната норма, моралот и обичајот како и во контекст на нормативната анализа на на посложените концепти како што се: институциите на правото, нивната улога, креирањето на правото и секако, неговата имплементација.

*Основи на економија (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со потребните знаења за економските науки како дел од општествените науки. Во овој контекст, студентите ќе имаат способност да ги анализираат основните економски институти, вклучувајќи ги производните сили и производните односи, капиталот, теориите во економската наука, човековиот труд и неговата поделба, побарувачка и понуда. Студентите ќе имаат способност да ги применуваат стекнатите знаења во теоретски и практичен контекст.

*Социологија на право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со потребните знаења за научната и општествена поврзаност помеѓу правото од една страна и социологијата од друга. Студентите ќе имаат способност да ги анализираат општествените институции и односи како фундаментални вредносни системи. Студентите стекнатите знаења ќе ги применуваат при следењето на современите процеси на размислување во врска со правната проблематика, гледана од аспект на владеењето на правото како фундаментален вредносен систем на современото општество.

**Изборни предмети (се избира еден предмет од листата): Странски јазик 1 (6 ЕКТС)**

*Англиски јазик 1*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со потребните знаења за Англискиот јазик кој ќе им користи во нивниот интелектуален развој, пред сѐ во следењето на законите и теоретските содржини од Common Law (англо-саксонскиот) правен систем и европско-континенталниот правен систем. Овој предмет се фокусира врз развој на општото познавање на англискиот јазик и правната терминологија. Од студентите се очекува да го развијат академскиот начин на пишување и вештините на читање на англиски јазик, како и да бидат

оспособени да дискутираат за написи од областа на правото. Предметната програма се однесува на англискиот јазик во функција на струката, т.е. за професионални намени. Имено, не се изучува основниот општ англиски јазик кој е во широка примена како секојдневен говорен јазик, туку се става акцент на англискиот јазик во специфичната професија.

*Француски јазик 1*

По завршувањето на предметот студентите ќе бидат оспособени за брзо и ефикасно снаоѓање во професионална франкофонска средина преку соочување со конкретни јазични ситуации како и воведување на основната правна терминологија. Прагматичните и јасно структурирани јазични методи кои се користат во наставата овозможуваат брзо усвојување на техниките за правилно писмено и усно изразување на француски јазик и за користење основна стручна правна литература на француски јазик.

*Германски јазик 1*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со потребните знаења за германскиот јазик кој ќе им користи во нивниот интелектуален развој, пред се во следењето на законите и теоретските содржини од соодветниот европско-континентален правен систем.

**Изборни предмети (се избира еден предмет од листата)** ***(6 ЕКТС)***

*Еколошко право*

По завршувањето на предметот студентите ќе се стекнат со основни знаења за спроведување на правни анализи и ширење на информации и знаењето од областа на еколошкото право како современа и актуелна правна дисциплина. Студентите ќе стекнат знаења за промовирање на правото од јавен интерес и значењето на pro bono праксата од оваа област во Македонија.

*Историја на правото*

По завршувањето на предметот студентите ќе се стекнат со основни знаења за историјата на правото и најзначајните (парадигматични) државни и правни европски системи од кои се инспирирани и системите на другите држави, вклучително и Р.Македонија. Овој предмет го изучува и следи развојот на правната мисла, од појавата на првите пишани извори на правото, па сé до денес. Предметот нуди широк спектар на анализа на правните документи од минатото, како што се Законот на 12 таблици, Хамурабиевиот законик и др. Целта на овој предмет се надополнува и со компаративниот пристап преку примена на историскиот догматски метод на проучување на одделни гранки на правото во минатото. Преку овој предмет на студентите им се овозможува да го согледаат развојот на правото и најзначајните правни институти и нивните главни карактеристики во историски контекст. На тој начин, студентите добиваат солидна основа за изучување на позитивно – правните дисциплини во понатамошниот тек на студиите.

*Информатика*

По завршувањето на предметот студентите ќе се стекнат со потребните знаења од информатиката, пред сé од базичната терминологија која се користи, оперативниот систем Windows, пакетите Word и Excel, како и употребата на Internet.

**Семестар 2**

**Задолжителни предмети**

*Уставно право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот Уставното право како научна дисциплина студентите ќе стекнат знаења за карактерот на уставните норми, за предметот на нивното регулирање и за вредностите што се предмет на нивна заштита. Овој предмет нуди краток историски осврт на развојот на уставното право, како и на уставното уредување на Р.Македонија. Со тоа, се потенцира значењето на уставното право како посебна правна наука. Студентите ќе имаат способност да го анализираат Уставот на Р.Македонија, со сите негови промени, како основа за сите законски акти во Р.Македонија. Уставното право посветува внимание и на изучување на институциите: Претседател, Влада, Собрание, Јавно обвинителство, Народен правобранител, судските органи, како и на функционирањето на овие институции. Посебно внимание посветува и на принципите на уставност и законитост и нивната примена.

*Граѓанско право (5 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со основни знаења за имотноправните односи, како дел од Граѓанското право. Практично, студентите ќе се здобијат со способност да ги анализираат односите кои согласно пандектниот систем настануваат по повод власта на стварите, размената и наследувањето. Целта на овој предмет е изучување на основата на граѓанското право и ѓраѓанско-правните институции предвидени со правото на Р.Македонија, следејќи го нивниот развој и нивните промени и укажувајќи на важноста на овие институции како основа за секоја правна пракса.

*Стварно право (5 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот студентите ќе се стекнат со основни знаења за стварното право, како дел од граѓанското право кое ги уредува оние имотни односи кои настануваат по повод директната-непосредната власт на стварите (објективно стварно право). Студентите ќе имаат способност нормативно да ги анализираат и практично да ги детерминираат основните стварноправни институти: ствари, владение и стварни права (сопственоста како главно стварно право и другите стварни права: службеност, залог, реален товар и долготраен закуп на градежно земјиште).

**Изборни предмети (се избираат два предмети од листата)** *(6 ЕКТС)*

*Англиски јазик 2*

По завршувањето на предметот, студентите ќе го усвојуваат стручниот англиски јазик кој се користи во правните науки. Материјата се изучува на англиски јазик и целата комуникација се одвива на англиски јазик. Сеопфатно се изучува правната терминологија на англиски јазик. Исто така се користи и граматичка вежбанка, со цел да се повторат и утврдат граматичките содржини на англискиот јазик. Освен содржините кои се наведени во учебникот, се дискутира и на слободни теми поврзани со правото. Се прави споредба на правните термини во англискиот и во македонскиот јазик и нивното значење. Се преведуваат текстови од англиски јазик на македонски јазик и обратно. Со оглед на специфичноста на правната терминологија во двата јазика, посебно се обрнува внимание на можните проблеми при преведување на термините од едниот на другиот јазик.

*Француски јазик 2*

Целта на предметот е продлабочување на стручната терминологија која се користи во областа на правото во Франција како и споредба со правната лексика во македонскиот јазик со цел истата да можат да ја применат во својата идна професија. Студентите треба да се оспособат за користење на стручниот јазик во професионални ситуации за што се предвидени активности како слушање радио и телевизиски прилози кои обработуваат стручни теми, работа на извадоци од правни документи (договори, Устави, повелби итн.), презентации, разговори и дебати на одредена тема.

*Германски јазик 2*

Целта на овој предмет е студентите да се стекнат со потребните знаења германскиот јазик кој ќе им користи во нивниот интелектуален развој, пред се во следењето на законите и теоретските содржини од соодветниот правен систем и ЕУ.

*Римско право*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со знаења за сновните етимолошки, терминолошки и содржински поими и категории во сферата на римското право и ќе ја воочат врската помеѓу римското и современото право, преку компарирање на институти и категории кои се среќаваат и денес а водат потекло од уште од Антиката. Студентите, исто така, ќе имаат способност да ги сфатат основните историски фази во развојот на основните правни институти. Основна цел на овој предмет е студентите да развијат истражувачки, аналитички и презентерски вештини кои би им помогнале во понатамошното образование, но секако и во практичната работа.

**Семестар 3**

**Задолжителни предмети**

*Меѓународно јавно право (6 ЕКТС)*

Предметот меѓународно јавно право е структуиран на студентите да им овозможи стекнување на базични, но, суштински познавања на основните категории на оваа класична правна дисциплина. Притоа, меѓународното право се изучува во неговата динамичка димензија, а не како прост "збир на норми" со кои се уредени односите помеѓу државите и другите субјекти, што претпоставува разбирање на сложените политички и други процеси кои доведуваат до создавање на правните норми и вредносно-ориентиран пристап кон анализата на важечките меѓународни норми. Целта на овој предмет е студентите да добијат основни знаења за одредени специфични институти на меѓународното јавно право и/или релевантни меѓународни режими, како што се правилата околу интервенцијата и употребата на сила, Обединетите нации и нивната улога во современите меѓународни односи, природата и основните принципи на правото на ЕУ, како специфичен регионален поредок.

*Казнено право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе имаат способност да ги анализираат и применат знаењата за основните начела, институти и казнено-правни забрани, врз кои се гради сопствениот категоријален систем. Студентите ќе имаат способност да ги анализираат казнени дела, како и пропишаните казни и други присилни санкции од страна на државата и ќе се запознаат со условите и начините за нивна примена. Основна цел на овој предмет е да ги заштитува основните интереси и добрата на луѓето од човековите поведенија прогласени за кривични дела.

*Човекови права (6 ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со знаења за меѓународното право за правата на човекот, неговиот настанок и развој во светот, сé до денес. Основна цел е студентите да имаат способност да ги анализираат од нормативен аспект најголемите и најважните меѓународни инструменти од оваа област како што се: Европската Конвенција за човекови права, Меѓународната конвенција за заштита на политичките и граѓанските права, Меѓународната конвенција за заштита на економските и социјални права и Конвенцијата за заштита на жените од секаков вид дискриминација. Исто така, студентите ќе стекнат вештини за практична примена на механизмите на имплементација на овие меѓународни инструменти.

*Политички систем (6 ЕКТС)*

Преку оваа научна дисциплина, студентите ќе се стекнат со знаења во однос на прашањата околу називот и потеклото на политиката и политичката власт, легалитетот, легитимитетот, концептот на правната држава и владеењето на правото, институционалните сфаќања за државата и власта како предмет на проучување на

политичкиот систем, теориите, поимите, обележјата, моделите на демократијата, принципите, демократските процеси и односи во Република Македонија.

*Слободен изборен предмет (се избира* ***еден предмет*** *од листата изборни предмети на Универзитетот што се објавени на web страната на Универ.) (6 ЕКТС)*

**Семестар 4**

**Задолжителни предмети**

*Применета економија (5 ЕКТС)*

Предметот е од стручен карактер. Студентите по завршувањето на предметот ќе се стекнат со знаења за функционирањето на економскиот систем на Република Македонија, законската рамка во Македонија со која се уредува функционирањето на економскиот систем и раководењето со економските текови преку мерките на макро и микроекономската политика. Студентите ќе се оспособат за анализа на двете составни целини: економски систем и економска политика.

*Административно право и административна постапка (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се оспособат да ги дефинираат и разберат поимите администрација и административна функција, да ја препознаат и анализирааат правната регулатива со која се уредува организацијата и функционирањето на јавната администрација во РМ и да ги согледаат основните дејности на административната функција. Студентите ќе се стекнат со вештини и практично знаење да прават разграничување помеѓу видовите акти на администрацијата и да ги совладаат првите чекори на создавање такви акти, да ги изучат видовите административен надзор и да ги осознаат механизмите на контрола над администрацијата и нејзината одговорност пред другите државни органи, но и пред своите клиенти-корисници на нејзините услуги. Наведените компетенции ќе придонесат за идно врботување на студентите во органите на администрацијата на РМ, невладините организации, установи и сите институции во кои се решаваат предмети од административно правна природа.

*Трудово право (5 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со знаења за корпусот прашања и проблеми кои се составен дел на трудовото право, тргнувајќи од фундаменталната премиса дека секој од нас еден ден ќе заснова работен однос и токму поради тоа познавањата на правата од работен однос претставуваат и прашања на борба за поквалитетен живот. Исто така, студентите ќе се запознаат со различните аспекти на остварувањето на правата,обврските и одговорностите од работниот однос како и со правните институции од областа на трудот. Студентите ќе бидат оспособени да ги проучуваат работните односи во практиката преку постапката на вработување, склучување на договор за вработување, остварување и заштита на правата од работен однос кај работодавачот и надлежните органи, постапката за одговорност на вработените, престанување на работниот однос, односно престанување на важноста на договорот за

вработување; да изработат конкретни акти во врска со сите институти кои се опфатени со позитивната законска регулатива од областа на работните односи во Р. Македонија и да се овозможат разни форми и облици на партиципација на студентите и да се инкорпорира можност за освојување на што е можно поголем број од поените предвидени за активност..

*Меѓународно приватно право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот Меѓународното приватно право, студентите ќе се здобијат со знаењ за уредувањето на многубројните и разновидни граѓанско-правни односи со меѓународен (странски) елемент, што претставува differentia specifica која го одвојува меѓународното приватно право од приватното право. Исто така, студентите ќе имаат способност да ги анализираат поимите, институциите, односите во доменот на меѓународното приватно право, како и генезата на меѓународното приватно право. Цел на овој предмет е студентите да добијат бакадемско знаење и негова практична примена особено во доменот на судирот на законите и судирот на јурисдикциите.

**Изборни предмети (се избираат два предмети од листата)** *(6 ЕКТС)*

*Финансово право*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со знаење за финансиско правните односи и комплексот на норми со кои се регулира финансиската дејност на државата и другите јавно-правни колективитети. Студентите ќе имаат способност да ги анализираат фискалните приходи, буџетот и јавниот заем, како круцијални институти во овој домен, како и да го применат стекнатото знаење при примената на правната регулатива на банкарството, осигурувањето и пазарот на капитал.

*Реторика на правото*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со знаење за различните јазично-правни и политиколошки формулации на поимите кои се користат во сферата на правото.

**Семестар 5**

**Задолжителни предмети**

*Облигационо право (6 ЕКТС)*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со знаење за прометот на стоки и услуги како основа за задоволување на материјалните и други потреби на граѓаните, но и како средство за остварување на економски напредок на заедницата.

*Јавни финансии (6 ЕКТС)*

По совладувањето на предметната програма, студентите ќе се стекнат со познавања за значењето на фискалниот систем и фискалните односи; совладување на основните елементи и карактеристики на фискалниот систем и фискалните односи во Република Македонија.

*Политички систем и право на ЕУ (6 ЕКТС)*

Предметот овозможува стекнување на основни знаења од областа на политичкиот систем, институциите и правото на ЕУ. Со завршувањето на овој предмет, се очекува студентот најмалку, да биде оспособен да ја познава суштината и опсегот на правото на ЕУ, да има целосен увид во организационо - правната структура на ЕУ согласно промените воведени со Лисабонскиот Договор; да умее да врши правилно толкување и примена на одредбите од актите на ЕУ што самото по себе би му овозможило понатамошно продлабочено изучување на поспецијализираните правни дисциплини кои го третираат правото на Унијата.

**Изборни предмети (се избораат два предмети од листата) (6 ЕКТС)**

*Филозофија на правото*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со знаење за идејата за правото, неговата суштина, поим и улога во светот. Со цел за подобра систематизација и изучување на филозофијата на правото се изучува историјата и генезата на филозофско правната мисла, правната онтологија, правната аксиологија, правната гносеологија, правната логика и правната херменевтика.Овој предмет на студентите по завршувањето на наставата треба да им овозможи една заокружена перспектива и преиспитување на сите дотогашни стекнати знаења.Студентите ќе се стекнат со способност за анализа на тенденциите на глобалните размислувања за правото во правец на подобра и поквалитетна правна практика.

*Криминологија*

По завршувањето на овој предмет, студентите ќе се стекнат со теоретски и емпириски знаења за феномелошките карактеристики (појавните облици на одделни начини на вршење на казнени дела) и факторите на криминалитетот како масовна општествена појава и криминалното однесување како поединечна појава, со цел за негово објаснување и спречување.

*Наследно право*

Наследното право како дел од граѓанското (имотното) право им овозможува на студентите да се стекнат со знаење за правното регулирање на наследно-правните односи кои настануваат помеѓу оставителот (decuius) и неговите наследници, како и со основните принципи на наследувањето во Република Македонија

*Семејно право*

Со изучување на предметот Семејно право се очекува студентите од сите насоки да се стекнат со знаење за правното регулирање на односите во семејството, како и со основните принципи на наследувањето во Република Македонија.

**Семестар 6**

**Задолжителни предмети**

*Судски систем (5 ЕКТС)*

Судскиот систем е научна дисциплина која се фокусира на институционалната страна на правдата, поточно на правосудството. Во рамките на овој предмет се изучува пред се домашната правосудна структура, но се претставени и компаративните модели и стандардите за правосудството. По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со знаење за организацијата на судството, статусот, изборот и надлежностите на судиите, нивната обука, напредувањето, специјализација, потоа улогата на јавното обвинителство во правосудниот систем, неговата поставеност во системот, изборот и именувањето, обуката и надлежностите и слично.

*Јавна и државна администрација (6 ЕКТС)*

Целите на изучување на предметот јавна администрација се состојат во оспособување на студентите за: да ги осознаат поимите јавна и државна администрација; да ги разберат основните дејности на административната функција; да ги согледаат компаративните искуства на организациска поставеност и функционирање на јавната и на државната администрација; да го разберат начинот на функционирање на јавната администрација во Република Македонија; да ги анализираат позитивните и негативните состојби во работењето на јавната и на државната администрација и да развиваат визија за нивно подобрување.

*Локална самоуправа (6 ЕКТС)*

Основна цел на предметот е сестрано и  критички, низ призмата на современите тенденции на глобализација да се анализира феноменот на  локалната самоуправа, како: темелна категорија на современата европска демократија и интеграција; како нужна и ефикасна противтежа на централната власт;  како неопходна претпоставка за функционален политички систем; како најдобра школа за good governance и демократија. Преку оваа дисциплина студентите имаат реална шанса да го продлабочат знаењето за локалната самоуправа, стекнато во рамките на Уставното право, Политичкиот систем, Управното право  и другите сродни дисциплини. Таа им овозможува поширoко запознавање со компаративните модели и системи (case study); непосреден увид во актуелните состојби и проблеми во локалната самоуправа во земјите –членки на Советот на Европа, преку анализа на извештаите и препораките  на CDLR (Конгрес на локални и регионални власти), увид во  мониторинг процесот за имплементација на Европската повелба за локална самоуправа, како и сензибилизирање на студентите за важноста на локалната самоуправа и развивање критичка свест, низ практичен ангажман во органите на градот и општините, ЗЕЛС,  Министерството за локална самоуправа, преку intership програм.

*Социјална патологија (5 ЕКТС)*

По завршувањето на предметот, студентите ќе се стекнат со целосни сознанија за социопатолошките појави во општеството, ќе се оспособат истите да ги препознаваат во секојдневниот живот и да градат сопствен став и однос кон нив, особено во поглед на причините за нивното настанување, појавните облици - начините на кои тие се манифестираат во општеството и посебно општествената реакција. Во делот на општествената реакција посебно важно да се согледа значењето на превенцијата како основна содржина во општествениот третман на социопатолошките појави. Целта на овој предмет е студентите да добијат теоретски знаења за современите научни достигнувања од областа на човековите деструкции и ви тие рамки посебно за деструкциите - деликтите кај младата генерација, како и да ги анализираат со етиолошко - феноменолошките деструктивни појави помеѓу младата генерација во Република Македонија.

**Изборни предмети (се избора еден предмет од листата) (6 ЕКТС)**

*Трговско право*

Стекнување со основни и продлабочени знаења од областа на институтите на трговкото право. Главниот аспект на предметната програма е насочен кон стекнување на продлабочени знаење од пошироката област на трговското право односно статусниот дел, трговските договори како и меницата и чекот. Како резлултат на тоа се очекува студентот да се стекне со теоретски и практични знаење од областа на трговското право.

*Меѓународна економија*

Со изучувањето на овој предметот, студентите ќе се стекнат со знаења од економијата на меѓународен план и современите текови во истата, глобализацијата на трговијата, економските системи на светски и европски план како и надворешниот аспект на домашната економија и трговија.